The Royal Women's Hospital Women's Health Information

# Лекување на ендометриозата со лапароскопија

*Март, 2004*

## Зошто се користи лапароскопија?

Вашиот лекар претпоставува дека можеби имате ендометриоза и ве испраќа на лапароскопија.

Ако сакате да знаете повеќе за ендометриозата и можностите за нејзино лекување погледнете ги памфлетите *Ендометриоза – информации за жените* и *Лекување на ендометриозата*.

Предноста на лапароскопијата е што дијагнозата може да се потврди и лекувањето може да започне во исто време. Друга предност на лапароскопијата е што може да се пронајде каде е ендометриозата и колку е зафатена, како и дека нема друга причина за симптомите.

## Што е тоа лапароскопија?

Тоа е зафат при кој мал телескоп се протнува преку мал отвор за да се види стомачниот дел и карлицата. Може да треба да се направат повеќе мали отвори за да влезат потребните инструменти за изведување на операцијата. Отворите се затвораат со еден конец или лента.

## Како се користи?

Ако ендометриозата се види за време на лапароскопијата обично се зема примерок за биопсија. Тоа ќе ја потврди дијагнозата.

Лекувањето ќе зависи од тоа каде е најдена и колку.

Дамки од ендометриозата најдени во стомачниот дел може да се отстранат со операција или со горење (со користење на дијатермија или ласер). Ендометриозата на јајниците обично бара отстранување на цистата, која е наречена ендометриозна циста (endometrioma).

Понекогаш ендометриозата зафаќа други органи како што е желудникот или мочните канали. Во тој случај подоцна ќе треба да се изврши друга операција. Понатамошните операции ќе треба да се изведат од соодветни специјалисти.

## Што е подобро – ласер или дијатермија?

Ласерот и дијатермијата се апарати кои лекарот ги користи за горење на ткивото. И двете може да се користат за горење на ендометриозата (ablation) или нејзино

отстранување. И двата начина имаат свои предности и недостатоци. Гинекологот ќе го примени оној со кој има најмногу искуство.

## Горење или отсекување

Во моментов се изведува испитување во The Royal Women's Hospital за утврдување кој метод на операција е поефикасен. Во некои случаи изгледа дека отсекувањето е подобро.

## Ризици

Ризик постои во секоја операција. Со лапароскопијата проблемите се ретки но може да бидат сериозни. Тие може да бидат:

- Инфекција на мочниот меур, аналниот отвор или посекотини во стомачниот дел
- Оштетување на орган или крварење – (еден случај на петстотини)
- Смрт – (еден случај на дваесет илјади).

Специфичните ризици при операција на ендометриозата со лапароскопија се:

- Оштетување на желудникот и цревата
- Оштетување на мочниот меур и мочните патишта

Овие компликации може да бараат итна интервенција. Тие може да бидат сериозни и може да бараат пообемни операции подоцна.

Другите ризици се:

- Симптомите не се подобруваат,
- Останување на лузни.

Во некои случаи невозможно е да се отстрани целата ендометриоза или пак таа може повторно да се појави подоцна.

Пред операцијата лекарот мора да дискутира со вас за ризикот од операцијата и треба да добие одобрување од вас откако вие ќе бидете свесни за можниот ризик.

***Слободно поставувајте прашања***

## Подготовка на стомакот

При подготовката на стомакот хирургот ќе добие подобра слика со што и операцијата ќе биде поуспешна (и полесна). Кај една на три илјади жени ќе се случи повреда на стомакот при операцијата. Претходната подготовка на стомакот ќе допринесе за побрзо зараснување после операцијата.

## Може ли во сите случаи на ендометриоза да се користи оваа операција?

Не! Особено во случај на сериозен степен на заболување или кога се јавува на одредени места (на пример близу до желудникот или аналниот отвор) потребни се понатамошни операции. Лапароскопијата ќе им помогне на лекарите да ја утврдат состојбата и идните операции може да се планираат поефикасно.

Ако нема потреба од понатамошни операции најверојатно ќе се примени отворена операција, а не лапароскопија.

## Ендометриоза на стомакот

Ако нема симптоми на стомакот постапката не е потребна. Ако симптомите се сериозни, дел од стомакот можеби ќе треба да се отстрани. Некогаш тоа се прави со лапароскопија, меѓутоа најчесто со отворена операција. Во тој случај таа операција ќе ја изврши хирург специјалист за стомак.

## Подобрување на симптомите

Во повеќето случаи симптомите се подобруваат, обично на подолго време. Во некои случаи кога симптомите не се заради ендометриозата или кога не било можно се да се отстрани, симптомите може делумно да се подобрат. Понекогаш, меѓутоа, може воопшто да не се подобрат.

## Подобрување на плодноста

За жените со средно сериозна ендометриоза, а кои се обидуваат да останат бремени, плодноста најверојатно ќе се подобри во времето после операцијата. Жените кои не се обидувале да останат бремени пред операцијата последиците од операцијата на плодноста не се познати.

## Дали операцијата ќе ме излечи од ендометриоза засекогаш?

Испитувањата покажале дека за време од пет години до 70% од жените ќе немаат трага од ендометриоза.

## Повеќе информации

**Центар за здравје на жената (RWH)**
(03) 8345 3045
1800 442 007 (бесплатен повик) Ел. пошта: whic@thewomens.org.au
http://www.thewomens.org.au

**Асоцијација за ендометриоза на Викторија**
567 Waterdale Road
Heidelberg West
Victoria 3081
Australia
(03) 9457 2933
http://www.endometriosis.org.au/

**Гинеколошко одделение при The Royal Women's Hospital**
Клиниката се наоѓа на приземјето од The Royal Women's Hospital
Телефон 8345 2000

## Други извори на информации за здравјето на жената кои може да ви користат

RWH располага со разновидни материјали на различни јазици на интернет. Ако сакате повеќе информации појдете на нашата интернет страна за промоција на здравјето. Адресата е http://www.thewomens.org.au

Можете да ја прашате и сестрата во The Royal Women's Hospital да ви даде отпечатен примерок од:

- *Ендометриоза – информации за жените*
- *Лекување на ендометриозата*